20080751374

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 21.03.2008 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ГИНЕКОЛОШКО-АКУШЕРСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за здравствените услуги од областа на гинеколошко-акушерската дејност, кои како специјалистичко-консултативни здравствени услуги се на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги плаќа здравствените услуги од областа на гинеколошко-акушерската дејност на здравствените установи по следните цени:

Реден број	Здравствена услуга	Вкупна цена
1	Нормално породување	10.643
2	Нормално породување со вакуум, клешта	13.500
3	Породување со царски рез без компликации	21.820
4	Породување со царски рез со компликации	26.493

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-3313/5
21 март 2008 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Аљбон Џемаили, с.р.